Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Со Одлука број 2502-35/8, донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник ***помлад асистент/асистент*** за научното подрачје ***фармација*** во состав:

1. проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател;
2. проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член;
3. доц. д-р Бистра Ангеловска, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентска комисија на Наставничкиот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за избор на еден еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4.2.2010 година, за научното подрачје фармација, се пријавија следниве кандидати:

1. **Сашо Ивановски,** доктор на медицина;
2. **Надица Димитрова,** магистер по фармација;
3. **Даринка Ѓоргиева**, магистер по фармација;
4. **Мартина Циџалеска**, магистер по фармација;
5. **Александар Јованов,** магистер по фармација;
6. **Климентина Трајкова**, магистер по фармација;
7. **Ангел Цветанов,** магистер по фармација.

За избор во помлад асистент/асистент, кандидатот треба да ги исполнува условите наведени во чл. 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот беа следниве:
– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование;
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за завршено соодветно образование | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сашо Ивановски** | има | има | има | има | нема | има |
| **Надица Димитрова** | има | има | има | има | нема | има |
| **Даринка Ѓоргиева** | има | има | има | има | има | има |
| **Мартина Цицалеска** | има | има | има | има | нема | има |
| **Александар Јованов** | има | има | има | има | нема | има |
| **Климентина Трајкова** | нема | има | има | има | нема | има |
| **Ангел Цветанов** | нема | има | има | има | нема | има |

***Биографски податоци***

Кандидатот **Сашо Ивановски** е роден на 9 март 1983 годинаво Штип. Дипломира на Медицинскиот универзитет „Св. Ѓорги” - Пловдив, Р. Бугарија, во 2008 година, со среден успех 6,46. Во учебната 2009/2010 се запишува на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје. Од останатите квалификации има познавање на англиски јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Надица Димитрова** е родена на 1 јуни 1985 година во Кочани. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2009 година, со среден успех 8,23. Нема работно искуство. Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и познавање и користење на англискиот јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Даринка Ѓоргиева** е родена на 8 ноември 1978 година во Струмица. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија, Р. Бугарија, во 2002 година, со среден успех 9,70. Запишана е на постдипломски студии од областа на токсиколошка хемија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде ги положува сите предвидени испити со среден успех 9,89. Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и активно познавање и користење на англиски јазик, а од останатите странски јазици разбира, говори и пишува на бугарски јазик.

***Професионална активност***

Во периодот од 2002 до 2004 година работи како фармацевт во аптека во Софија, Р. Бугарија. Од 2004 до 2007 година работи како фармацевт во ПЗУ „Здравје” - Штип, а во 2007 година е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, за научните области хемија, биохемија и фармакологија.

***Научна и стручна активност***
***Стручни трудови:***

1. Камчев, Н., Панов, З., Ѓорѓеска, Б., Зајкова-Панева, В., **Ѓоргиева, Д.,** Смилков, К., Камчева, М., Камчева, Г.: *Влијанието на концентрацијата на тешките метали во серумот врз здравјето кај рударската популација во Пробиштип*, списание на Здружение на невролози на Македонија - Епилепсија, год. 1, бр. 1, декември 2008, ISSN 1409-617X.
2. Смилков, К**. Ѓоргиева, Д.,** Ѓорѓеска, Б.: *Нови форми на туризам базирани на медицински сознанија*; Зборник на трудови од меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век" 2008, pp.703.
3. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. Assessment of heavy metal pollution in R. Macedonia using plant assay (in press).

Изготвени интерни скрипти за вежби по предметите:

| | |
|---|---|
| Хемија 1 | лаборант |
| Биохемија | мед.сестра/техничар и физиотерапевт |
| Хемија 2 | лаборант |
| Биохемија 1 | лаборант |
| Аналитичка хемија | лаборант |
| Фармакологија | мед.сестра/техничар и лаборант |
| Биохемија 2 | лаборант |
| Хемија | општа медицина |
| Биохемија 1 | општа медицина |
| Биохемија со биофизика | мед.сестра/техничар |
| Биохемија со биофизика | физиотерапевт |
| Физиологија со биохемија | забен техничар/протетичар |
| Биохемија | оптометрист |
| Биохемија 2 | општа медицина |
| Хемија | стоматологија |
| Општа и неорганска хемија | фармација |

***Симпозиуми:***
Учество на I меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век", Скопје, 2008 год.

Семинари и работилници:

- „Познавање, толкување и имплементација на правата на пациентите", МИА, обука, 2007 год.
- „Нови производни линии на Галафарм во 2006-2007", Галафарм ДООЕЛ, Скопје, април 2007 год.
- „Депресивни растројства во ординацијата на лекарот од примарната здравствена заштита", Здружение на психијатри на Р. Македонија, работилница, 2008 год.
- Waters Consumables Seminar 2009 (Biotek), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Фармацевтски факултет, Скопје, ноември 2009 год.
- Workshop Leco – Food analysis, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, ноември 2009 год.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Мартина Цицалеска** е родена на 7 март 1982 во Прилеп. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија, Р. Бугарија, во 2007 година, со среден успех 8,13. Во периодот од 2007 до 2009 година работи како фармацевт во аптека во Софија, Р. Бугарија. Од февруари 2009 до август 2009 година работи како фармацевт во аптека „Виола" во Прилеп. Од останатите квалификации има познавање на англиски јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Александар Јованов** е роден на 22 јануари 1986 година во Штип. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2009 година, со среден успех 8,95. Нема работно искуство. Од останатите квалификации има познавање на англиски јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Климентина Трајкова** е родена на 24 јули 1983 во Скопје. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2009 година, со среден успех 7,70. Нема работно искуство. Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и познавање и користење на англискиот јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Ангел Цветанов** е роден на 2 мај 1986 година во Кочани. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2009 година, со среден успех 8,12. Нема работно искуство. Од останатите квалификации има познавање на англискиот јазик.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од извештајот се гледа дека единствено кандидатката Даринка Ѓоргиева, магистер по фармација, има искуство во практична настава како помлад асистент и единствено таа приложила список на трудови од кој може да се заклучи за нејзината стручна и научна активност.

Даринка Ѓоргиева е вработена како помлад асистент на Факултетот за медицински науки на УГД во Штип, од основањето во 2007 година. Во изминативе три години се покажа како многу успешен соработник при практичната настава на предметите: Хемија 1 и 2, Аналитичка хемија, Општа и неорганска хемија, Биохемија 1 и 2, Биохемија со биофизика, Физиологија со биохемија, Фармакологија, Токсикологија и броматологија на сите акредитирани студиски програми кои се спроведуваат. Од приложениот список на публикувани и презентирани трудови во земјава и во странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност во својата област. Со учеството на повеќе семинари и работилници, Даринка Ѓоргиева го покажа својот интерес за следење на современите текови во фармацијата. Запишана е на постдипломски студии од областа на токсиколошка хемија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде ги положува сите предвидени испити со среден успех 9,89.

Врз основа на анализа на доставената документацијата на сите кандидати кои се пријавиле на Конкурсот, ценејќи ја нивната целокупна стручна, научна и наставна активност, констатиравме дека единствено пом. асс. Даринка Ѓоргиева, магистер по фармација, ги исполнува сите услови за избор во соработничко звање помлад асистент за научното подрачје фармација.

Поради сè што досега беше кажано, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере пом. асс. Даринка Ѓоргиева, магистер по фармација во звање помлад асистент за научното подрачје фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката**
**Даринка Ѓоргиева**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Интерна скрипта за вежби | 16 | 2 | 32 |
| 2. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 103 | 0,2 | 20,6 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| 2. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во Македонија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| 1. Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | 2 |
| 2. Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | 2 |
| 3. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (0,5/1) | 1 | 1 | 1 |
| 4.Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **62,1** |